# Службен весник на Република Македонија

**Број 163** **30 август 2016, вторник** **година LXXII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


## С О Д Р Ж И Н А


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3632. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој | 4 |
| 3633. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање | 4 |
| 3634. | **Закон** за дополнување на Законот за јавните патишта | 12 |
| 3635. | **Оглас** за избор на член на Судскиот совет на Република Македонија што го избира Собранието на Република Македонија | 12 |
| 3636. | **Уредба** за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за засновањето на право на стварна службеност | 13 |
| 3637. | **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности | 21 |
| 3638. | **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности | 21 |
| 3639. | **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности | 21 |
| 3640. | **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности | 21 |
| 3641. | **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности | 22 |
| 3642. | **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности | 22 |
| 3643. | **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности | 22 |
| 3644. | **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности | 23 |
| 3645. | **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности | 23 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3646. | **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности ..... | **23** |
| 3647. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Делчево ..... | **24** |
| 3648. | **Одлука** за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – варовник на Друштвото за трговија, превоз и услуги РЕГУЛИМИ И ОБОРЕВЕ - ГАГИ ДООЕЛ увоз-извоз с.Стрелци, Кичево на локалитетот „Становец“, Општина Кичево ..... | **24** |
| 3649. | **Одлука** за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – минерална вода на Друштвото за производство, трговија и услуги ПЛАНИНСКА ВОДА ДОО Лазарополе, Маврово-Ростуша на локалитетот „Гари“, Општина Дебар ..... | **25** |
| 3650. | **Одлука** за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – цементен лапорец на Друштвото за транспорт, шпедиција и промет ЛОТКА Стојанче ДООЕЛ извоз увоз Скопје на локалитетот „Рит Круши“, Општина Сопиште ..... | **25** |
| 3651. | **Одлука** за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – мермер на Друштвото за трговија, сообраќај и услуги МИРСАТ КОМЕРЦ увоз-извоз Зеќир Зеќировски с.Челопеци Вранештица на локалитетот „Миокази“, Општина Кичево и Општина Македонски Брод ..... | **26** |
| 3652. | **Одлука** за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – варовник на Друштвото за производство, трговија и услуги ЛИНДИ ГУРОРЕ ДООЕЛ увоз-извоз с.Стрелци Кичево на локалитетот „Становец 2“, Општина Кичево ..... | **27** |
| 3653. | **Одлука** за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – варовник на Друштвото за производство, промет и услуги, увоз-извоз ГЕТОАР ДООЕЛ Скопје, с.Глумово Општина Сарај на локалитетот „Краста“, Општина Сарај ..... | **27** |
| 3654. | **Одлука** за поништување на постапката за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини по Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини..... | **28** |
| 3655. | **Одлука** за давање согласност за отуѓување на градежно земјиште со право на сопственост на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје..... | **28** |
| 3656. | **Одлука** за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Македонски железници Транспорт АД-Скопје..... | **29** |
| 3657. | **Одлука** за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Македонија..... | **29** |
| 3658. | **Одлука** за давање согласност на Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2015 година..... | **29** |
| 3659. | **Одлука** за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2015 година ..... | **30** |
| 3660. | **Одлука** за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2015 година..... | **30** |
| 3661. | **Одлука** за определување на обврзници кои ќе плаќаат радиодифузна такса ..... | **30** |
| 3662. | **Одлука** за определување на обврзници кои ќе плаќаат радиодифузна такса ..... | **30** |
| 3663. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на пречистителна станица за отпадни води, претоварна станица и преработка на комунален отпад со основна класа на намена Е3-некомпатибилна инфраструктура КО Фалише Општина Тетово ..... | **37** |
| 3664. | **Одлука** за изменување на Одлуката за продажба на движни ствари - моторни возила ..... | **37** |
| 3665. | **Одлука** за престанок и за давање на времено користење на движна ствар на Државната изборна комисија..... | **38** |
| 3666. | **Одлука** за определување на обврзник кој ќе плаќа радиодифузна такса ..... | **38** |
| 3667. | **Одлука** за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола ... | **38** |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3668. | **Одлука** за едностран раскин на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи со бр. 12-7348/8 од 16.7.2009 година, со Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи со бр. 12-7065/6 од 10.8.2012 година и на Договорот за пренос на Договорот за концесија со бр.12-7987/8 од 10.11.2010 година, за локацијата 327 Крива река ... | **39** |
| 3669. | **Одлука** за определување на обврзници кои ќе плаќаат радиодифузна такса .. | **40** |
| 3670. | **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности ..... | **41** |
| 3671. | **Одлука** за давање согласносг на Годишната сметка за 2015 година на ЈП Македонска радиодифузија-Скопје ..... | **41** |
| 3672. | **Одлука** за давање согласност на Извештајот за работењето на ЈП Македонска радиодифузија - Скопје во периодот од 1.1.2015 до 31.12.2015 година ..... | **41** |
| 3673. | **Одлука** за давање согласност на Одлука за употреба на средствата остварени со работењето на ЈП Македонска радиодифузија - Скопје во 2015 година ..... | **41** |
| 3674. | **Одлука** за изменување на Одлуката за формирање на Управен одбор на проектот – Самовработување со кредитирање ..... | **41** |
| 3675. | **Одлука** за одобрување на Годишната сметка и финансиските извештаи на АД „Македонска пошта“ - Скопје, во државна сопственост за 2013 година ..... | **42** |
| 3676. | **Одлука** за одобрување на Извештајот за работењето на АД „Македонска пошта“ - Скопје, во државна сопственост за 2013 година ..... | **42** |
| 3677. | **Одлука** за определување на обврзници кои ќе плаќаат радиодифузна такса ..... | **42** |
| 3678. | **Одлука** за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Македонија..... | **43** |
| 3679. | **Одлука** за давање согласност за пренос на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија со број 12-885/1 од 28.1.2011 година..... | **43** |
| 3680. | **Одлука** за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавната научна установа Институт за национална историја - Скопје ..... | **43** |
| 3681. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на „Факултет за ветеринарна медицина“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“-Скопје ..... | **44** |
| 3682. | **Одлука** за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на риби за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Глажња“ ..... | **45** |
| 3683. | **Одлука** за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на риби за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Градче“..... | **45** |
| 3684. | **Одлука** за поништување на постапката за доделување на концесија на риби за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Липково“ ..... | **46** |
| 3685. | **Одлука** за поништување на постапката за доделување на концесија на риби за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Матка“ ..... | **46** |
| 3686. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стовариште КО Ракотинци Општина Сопиште..... | **46** |
| 3687. | **Одлука** за продажба на недвижни ствари..... | **46** |
| 3688. | **Одлука** за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „NATO-GEO EX 16“, во Грузија ..... | **47** |
| 3689. | **Решение** за изменување на Решението за именување Национален координатор, негов заменик, национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција, секретар и членови на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија ..... | **47** |
| 3690. | **Решение** за изменување на Решението за именување претседател, национално контакт лице, членови и секретар на Националната комисија за мало и лесно оружје ..... | **47** |
| 3691. | **Програма** за изменување на Програмата за развој на спорт и млади за 2016 година ..... | **48** |
| 3692. | **Програма** за изменување на Годишната програма за изградба на магистрален гасовод, Делница „Клечовце–блок станица 5“ за 2016 година ..... | **48** |
| 3693. | **Програма** за изменување и дополнување на Програмата за рамномерен регионален развој за 2016 година..... | **49** |
| 3694. | **Програма** за изменување на Програмата за рамномерен регионален развој за 2016 година..... | **49** |
| 3695. | **Програма** за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2016 година ..... | **50** |
| 3696. | **Програма** за изменување на Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Македонија за 2016 година ..... | **51** |
| | **Огласен дел**..... | **1-76** |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3632.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 август 2016 година.

Бр. 08-3651/1
25 август 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ**

Член 1

Во Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16 и 120/16), во членот 14 став (2) по зборот „развој“ се додаваат зборовите: „освен корисниците на помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани и корисниците на дополнителна помош за исплата на загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани“.

Во ставот (3) по зборот „развој“ се додаваат зборовите: „освен корисниците на помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани и корисниците на дополнителна помош за исплата на загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани“.

Член 2

Во членот 99-б ставови (4) и (5) се бришат.

Член 3

Започнатите постапки за помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани и постапките за дополнителна помош за исплата на загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат согласно со Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16 и 120/16).

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR BUJQËSI DHE ZHVILLIM RURAL**

Neni 1

Në Ligjin për bujqësi dhe zhvillim rural (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16 dhe 120/16) në nenin 14 paragrafi (2) pas fjalës “zhvillim” shtohen fjalët: “përveç shfrytëzuesve të ndihmës për humbje të shkaktuara nga fatkeqësitë natyrore dhe ngjarjet e pavolitshme klimatike dhe shfrytëzuesve të ndihmës plotësuese për pagesën e humbjeve të shkaktuara nga fatkeqësitë natyrore dhe ngjarjet e pavolitshme klimatike”.

Në paragrafin (3) pas fjalës “zhvillim” shtohen fjalët: “përveç shfrytëzuesve të ndihmës për humbjet e shkaktuara nga fatkeqësitë natyrore dhe ngjarjet e pavolitshme klimatike dhe për shfrytëzuesve të ndihmës plotësuese për pagesë të humbjeve të shkaktuara nga fatkeqësitë natyrore dhe ngjarjet e pavolitshme klimatike”.

Neni 2

Në nenin 99-b paragrafët (4) dhe (5) shlyhen.

Neni 3

Procedurat e filluara për ndihmë për humbjet e shkaktuara nga fatkeqësitë natyrore dhe ngjarjet e pavolitshme klimatike dhe procedruat për ndihmë shtesë për pagesë të humbjeve të shkaktuara nga fatkeqësitë natyrore dhe ngjarjet e pavolitshme klimatike deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, do të përfundohen në pajtim me Ligjin për bujqësi dhe zhvillim rural (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16 dhe 120/16).

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**3633.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 август 2016 година.

Бр. 08-3660/1
25 август 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**

Член 1

Во Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ број 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16), во членот 10 став (3) по зборовите: „граница на градот“ се додаваат зборовите: „односно граница на четвртите и блоковите кои се предмет на изменување и дополнување“.

По ставот (6) се додаваат два нови става (7) и (8), кои гласат:

„(7) Изменување и дополнување на генерален урбанистички план содржи графички приказ на планските решенија на опфатот, текстуален дел и нумерички дел со билансни показатели за планскиот опфат и за инфраструктурата за делот кој е предмет на изменување или дополнување, како и збирни графички, текстуални и нумерички податоци на ниво на вкупниот опфат на генералниот урбанистички план кои произлегуваат од изменувањето или дополнувањето.

(8) Предмет на изменување и дополнување на генерален урбанистички план може да биде и само текстуален и само нумерички дел, при што по исклучок од ставот (2) на овој член содржината на изменувањето и дополнувањето на генералниот урбанистички план се изработува само за делот кој е предмет на изменување и дополнување, а вклучува и збирни податоци на ниво на вкупниот опфат на генералниот урбанистички план кои произлегуваат од изменувањето или дополнувањето.“.

Член 2

Членот 12 се менува и гласи:

„(1) Урбанистички план за село е урбанистички план кој се донесува за подрачје на населено место-село, утврдено со закон.

(2) Урбанистичкиот план за село содржи графички приказ на планските решенија во планскиот опфат, текстуален дел и нумерички дел со билансни показатели за планскиот опфат и за инфраструктурата. Во графичкиот приказ може да се утврдат градежни парцели и површини за градење.

(3) Кога во графичкиот приказ од ставот (2) на овој член се утврдуваат градежни парцели и површини за градење, утврдувањето на градежни парцели и површини за градење се врши најмалку на ниво на еден блок.

(4) Во случај кога во графичкиот приказ од ставот (2) на овој член не се утврдуваат градежни парцели и површини за градење истиот содржи граница на плански опфат која претставува граница на село, граница на блок, намена на земјиштето и градбите, планско решение на примарната и секундарната сообраќајна мрежа со нивелманско решение, планско решение за сите примарни комунални и други инфраструктури, граници на споменични целини и други заштитени добра како и податоците потребни за планските решенија утврдени согласно со прописот од членот 15 став (2) од овој закон.

(5) Во случај кога во графичкиот приказ од ставот (2) на овој член се утврдуваат градежни парцели и површини за градење истиот содржи граница на плански опфат која претставува граница на село, граница на блок, намена на земјиштето и градбите, регулациони линии, градежни линии, граници на градежни парцели, планско решение за примарната и секундарната сообраќајна мрежа со нивелманско решение, планско решение за сите примарни и секундарни комунални и други инфраструктури, граници на споменични целини и други заштитени добра како и други податоци потребни за планските решенија утврдени согласно со прописот од членот 15 став (2) од овој закон.

(6) Во графичкиот приказ од ставот (2) на овој член каде не се утврдуваат градежни парцели и површини за градење, катастарската парцела претставува градежна парцела.

(7) По исклучок од ставот (6) на овој член, од две или повеќе катастарски парцели може да се формира една градежна парцела или во рамки на една катастарска парцела може да се формираат две или повеќе градежни парцели или на една катастарска парцела која претставува градежна парцела, може да се предвидат површини за градење на две или повеќе градби, во кои случаеви градежните парцели и површините за градење се утврдуваат со архитектонско-урбанистички проект од членот 51 од овој закон.

(8) Текстуалниот дел од ставот (2) на овој член содржи општи услови за градба, развој и користење на земјиштето и градбите за урбанистички план за село во кој не се утврдуваат градежни парцели и површини за градење или општи и посебни услови за градба, развој и користење на земјиштето и градбите за урбанистички план за село во кој се утврдуваат градежни парцели и површини за градење, податоци за инфраструктурата, детални мерки за заштита на недвижното културно наследство, мерки за заштита на животната средина и природата и други мерки и податоци потребни за планските решенија утврдени согласно со прописот од членот 15 став (2) од овој закон.

(9) Нумеричкиот дел од ставот (2) на овој член содржи нумерички показатели за сите параметри кои произлегуваат од планските решенија и билансни показатели кои содржат податоци за површините, показатели за инфраструктурата и параметри за уредување на просторот на планскиот опфат, утврдени согласно со прописот од членот 15 став (2) од овој закон.

(10) Изменување и дополнување на урбанистички план за село содржи графички приказ на планските решенија на опфатот, текстуален дел и нумерички дел со билансни показатели за планскиот опфат и за инфраструктурата за делот кој е предмет на изменување или дополнување, како и збирни графички, текстуални и нумерички податоци на ниво на вкупниот опфат на урбанистичкиот план за село кои произлегуваат од изменувањето или дополнувањето.

(11) Предмет на изменување и дополнување на урбанистички план за село може да биде и само текстуален и само нумерички дел, при што по исклучок од ставот (2) на овој член содржината на изменувањето и дополнувањето на урбанистичкиот план за село се изработува само за делот кој е предмет на изменување и дополнување, а вклучува и збирни податоци на ниво на вкупниот опфат на урбанистичкиот план за село кои произлегуваат од изменувањето или дополнувањето.“.

Член 3

Членот 13 се менува и гласи:

„(1) Урбанистички план за вон населено место е урбанистички план кој се донесува за плански опфат кој не е опфатен со генерален урбанистички план и со урбанистички план за село.

(2) Урбанистички план за вон населено место содржи графички приказ и текстуален дел и нумерички дел со билансни показатели за планскиот опфат и за инфраструктурата. Во графичкиот приказ може да се утврдат градежни парцели и површини за градење.

(3) Кога во графичкиот приказ од ставот (2) на овој член се утврдуваат градежни парцели и површини за градење, утврдувањето на градежни парцели и површини за градење се врши најмалку на ниво на еден блок.

(4) Во случај кога во графичкиот приказ од ставот (2) на овој член не се утврдуваат градежни парцели и површини за градење истиот содржи граница на плански опфат, граница на блок, намена на земјиштето и градбите, планско решение на примарната и секундарната сообраќајна мрежа со нивелманско решение, планско решение за сите примарни комунални и други инфраструктури, граници на споменични целини и други заштитени добра како и податоците потребни за планските решенија утврдени согласно со прописот од членот 15 став (2) од овој закон.

(5) Во случај кога во графичкиот приказ од ставот (2) на овој член се утврдуваат градежни парцели и површини за градење истиот содржи граница на плански опфат, граница на блок, намена на земјиштето и градбите, регулациони линии, градежни линии, граници на градежни парцели, планско решение за примарната и секундарната сообраќајна мрежа со нивелманско решение, планско решение за сите примарни и секундарни комунални и други инфраструктури, граници на споменични целини и други заштитени добра како и други податоци потребни за планските решенија утврдени согласно со прописот од членот 15 став (2) од овој закон.

(6) Во графичкиот приказ од ставот (2) на овој член каде не се утврдуваат градежни парцели и површини за градење, катастарската парцела претставува градежна парцела.

(7) По исклучок од ставот (6) на овој член, од две или повеќе катастарски парцели може да се формира една градежна парцела или во рамки на една катастарска парцела може да се формираат две или повеќе градежни парцели или на една катастарска парцела која претставува градежна парцела, може да се предвидат површини за градење на две или повеќе градби, во кои случаеви градежните парцели и површините за градење се утврдуваат со архитектонско-урбанистички проект од членот 51 од овој закон.

(8)Текстуалниот дел од ставот (2) на овој член содржи општи услови за градба, развој и користење на земјиштето и градбите за урбанистички план вон населено место во кој не се утврдуваат градежни парцели и површини за градење или општи и посебни услови за градба, развој и користење на земјиштето и градбите за урбанистички план вон населено место во кој се утврдуваат градежни парцели и површини за градење, податоци за инфраструктурата, детални мерки за заштита на недвижното културно наследство, мерки за заштита на животната средина и природата и други мерки и податоци потребни за планските решенија утврдени согласно со прописот од членот 15 став (2) од овој закон.

(9) Нумеричкиот дел од ставот (2) на овој член содржи нумерички показатели за сите параметри кои произлегуваат од планските решенија и билансни показатели кои содржат податоци за површините, показатели за инфраструтурата и параметри за уредување на просторот на планскиот опфат, утврдени согласно со прописот од членот 15 став (2) од овој закон.“.

Член 4

Во членот 16 став (9) се менува и гласи:

„По исклучок од ставовите (4) и (8) на овој член, овластување за изработување на урбанистички планови и овластување за ревизија на урбанистички планови може да добие и лице кое има пет години работно искуство во постапката за донесувањето и спроведувањето на урбанистичките планови или три години искуство во постапката за одобрувањето на урбанистичко-планските документации и учество во најмалку пет стручни ревизии како член на стручната комисија од членот 37 став (4) од овој закон, како и лице со научно звање од областа на урбанистичкото планирање кои има две референци од областа на урбанистичкото планирање, кои лица ги познаваат прописите за урбанистичкото планирање.“.

Член 5

Во членот 25 став (11) се менува и гласи:

„При изработка на урбанистички планови и урбанистичко-плански документации чија изработка е финансирана од Буџетот на Република Македонија, трошоците за изработување на условите за планирање на просторот се надоместуваат од Буџетот на Република Македонија со годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација од членот 22 став (2) од овој закон.“.

Член 6

Во членот 26 став (2) по зборовите: „урбанистичко-планската документација“ запирката се брише и се додаваат зборовите: „или од страна на правно лице со лиценца за изработување на урбанистички планови“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Советот на општината, општината во градот Скопје, односно градот Скопје, со одлука може да ја определи наменската употреба на земјиштето во крајбрежниот појас согласно со стекнатите права со претходни урбанистички планови, урбанистички документации за населени места и општи акти или постоен градежен фонд со утврден правен статус, која станува составен дел од планската програма за урбанистичките планови од членот 7 став (1) точка 2 од овој закон и за урбанистичко-планската документација од членот 7 став (2) од овој закон.“.

Ставовите (3), (4) и (5) стануваат ставови (4), (5) и (6).

Ставот (6) кој станува став (7) се менува и гласи:

„(7) Градоначалникот на општината, градоначалникот на општината во градот Скопје, односно министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, врз основа на доставениот предлог, е должен во рок од три работни дена од приемот на предлогот од ставот (5) на овој член да ја одобри планската програма со потврда за заверка во електронска форма или да достави известување за констатирани недостатоци, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам.“.

Ставовите (7) и (8) стануваат ставови (8) и (9).

Ставот (9) кој станува став (10) се брише.

Ставот (10) станува став (9).

Член 7

Во членот 38 став (2) бројот „10“ се заменува со бројот „15“, зборовите по запирката „а во спротивно ќе се смета дека согласноста е издадена“ се бришат, а запирката се заменува со точка.

Во ставот (3) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „или кога постојат нови податоци кои не биле приложени со барањето за добивање согласност на урбанистичкиот план за кој претходно било издадено известување за недостатоци.“.

Член 8

Во членот 51 став (1) се менува и гласи:

„Архитектонско-урбанистички проект е урбанистичко-проектна документација која се изработува врз основа на урбанистичките планови од членот 7 став (1) точка 2 алинеи 2, 3 и 4 од овој закон, урбанистичко-планската документација од членот 7 став (2) од овој закон, како и урбанистичко-проектната документација од ставовите (2), (3) и (4) на овој член, кога на една градежна парцела во урбанистичкиот план, односно урбанистичко-планската, односно урбанистичко-проектна документација е утврден простор определен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби согласно со процентот на изграденост на земјиштето пропишан со стандардите и нормативите за урбанистичко планирање од членот 68 од овој закон и кој се изработува заради формирање на градежни парцели при разработка на детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план за вон населено место, урбанистичко-плански документации и општи акти од членот 84 од овој закон.“.

Ставот (4 ) се менува и гласи:

„Со еден или повеќе архитектонско-урбанистички проекти може да се врши:

- препарцелација, пренамена (предвидување на намени кои се утврдени со постојната државна урбанистичко-планска документација како и намени кои не се утврдени со постојната државна урбанистичко-планска документација) и формирање на нови градежни парцели, во рамки на технолошко индустриска развојна зона и во рамки на индустриска зона формирана од Владата на Република Македонија, во кои со државна урбанистичко-планска документација претходно се определени градежни парцели, како и промена на трасата на инфраструктурата и поместување на точките за инфраструктурни приклучоци во рамки на наведените зони, кои претходно се утврдени со државна урбанистичко-планска документација.

- препарцелација и формирање на нови градежни парцели или спојување на градежни парцели формирани во урбанистички план и урбанистичко-планска документација кои се предвидени за изградба на градби со намена Г (производство, дистрибуција и сервиси), согласно со стандардите и нормативите за урбанистичко планирање од членот 68 од овој закон,

- промена на границата на две соседни градежни парцели со основна класа на намена А1 – домување во станбени куќи, исклучиво кон страната на градежната парцела, при што не се дозволени промени на останатите параметри утврдени со урбанистички план или урбанистичко-планска документација,

- препарцелација и фомирање на две нови градежни парцели со основна класа на намена А1 – домување во станбени куќи и урбанистичко решение за секоја градежна парцела посебно од една градежна парцела формирана во детален урбанистички план со површина од најмалку 500 м2 и со основна класа на намена А1 – домување во станбени куќи, а во согласност со стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, видот на домувањето, градбата и густината за изградба во подрачјето и генералниот урбанистички план.“.

Во ставот (8) по зборовите: „Архитектонско-урбанистичкиот проект“ се додаваат зборовите: „со извештај за извршена стручна ревизија“.

Во ставот (10) по зборовите: „Во случаите кога со архитектонско-урбанистичкиот проект се разработува“ се додаваат зборовите: „детален урбанистички план“.

Член 9

Во членот 52 став (2) се менува и гласи:

„По исклучок од ставот (1) на овој член проект за инфраструктура може да се изработи во следниве случаи:

- трасата на линискиот инфраструктурен објект е утврдена во урбанистички план од членот 7 став (1) точка 2 на овој закон, односно урбанистичко-планска документација од членот 7 став (2) од овој закон ако со одредбите на урбанистичкиот план, односно урбанистичко-планската документација е предвидена изработка на проект за инфраструктура,

- трасата на линискиот инфраструктурен објект е утврдена во урбанистички план од членот 7 став (1) точка 2 од овој закон, односно урбанистичко-планска документација од членот 7 став (2) од овој закон, во кој е предвидена изработка на проект за инфраструктура, односно не е предвидена изработка на проект за инфраструктура, но донесена е одлука на Советот на општината, општината во градот Скопје и градот Скопје за измена на трасата на линискиот инфраструктурен објект, само во случаите кога со измената на трасата на линискиот инфраструктурен објект не се нарушува регулациона линија утврдена со урбанистички план или урбанистичко-планска документација,

- кога е потребно да се промени трасата и/или приклучната точка на линискиот инфраструктурен објект, кои се утврдени во урбанистичко-планска документација за технолошко индустриска развојна зона и за индустриска зона формирана од Владата на Република Македонија, во и надвор од зоната.”.

Во ставот (3) зборовите: „содржи техничко решение за инфраструктурата со сите нејзини елементи (шахти, бунари, мерни станици, потпорни ѕидови, мостови, вијадукти, пропусти, натпатници, потпатници, тунели, клучки и друго) во текстуален дел и графички прилози и“ се бришат.

Член 10

Во членот 70 став (2) се брише.

Ставовите (3), (4), (5) и (6) стануваат ставови (2), (3), (4) и (5).

Член 11

Членот 71 се менува и гласи:

„Степенот на ажурирање на дигитализираните ажурирани геодетски подлоги се утврдува во прописот од членот 15 од овој закон, а во зависност од тоа за каков урбанистички план, урбанистичко-планска документација или урбанистичко-проектна документација се изработуваат.“.

Член 12

Членот 76 се менува и гласи:

„(1) Детален урбанистички план донесен согласно со генерален урбанистички план кој престанал да важи, може да се применува само доколку намените на деталниот урбанистички план се во согласност со намените утврдени во новиот генерален урбанистички план.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член кога со генерален урбанистички план се планира проширување на сообраќајната мрежа, деталниот урбанистички план донесен пред влегувањето во сила на генералниот урбанистички план од ставот (1) на овој член, може да се применува само доколку со реализација на планираните градби или деловите од планираните градби од деталниот урбанистички план не се попречува реализацијата на сообраќајната мрежа од генералниот урбанистички план.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, детален урбанистички план донесен согласно со генерален урбанистички план кој престанал да важи, може да се применува и доколку намените на деталниот урбанистички план не се во согласност со намените утврдени во новиот генерален урбанистички план, во случаите кога е отуѓено градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на јавно наддавање согласно со одредбите од Законот за градежно земјиште и купувачот преземал обврски за изградба на објектот согласно со намената во деталниот урбанистички план, а со новиот генерален урбанистички план е утврдена подземна или надземна линиска инфраструктурна градба.“.

Член 13

Во член 84 по ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

„(2) Изработката на општиот акт се предвидува во годишна програма од членот 20 од овој закон.

(3) Наменската употреба на земјиштето во крајбрежниот појас се утврдува со одлука на советот на општината, општината во градот Скопје, односно градот Скопје, а согласно со стекнатите права со претходни урбанистички планови, урбанистички документации за населени места и општи акти или постоен градежен фонд со утврден правен статус.“.

Ставот (2) станува став (4).

Член 14

Одредбите од членот 2 со кој се менува членот 12 и одредбите од членот 3 со кој се менува членот 13 од овој закон може да се применуваат само при изменување и дополнување на генерални урбанистички планови и урбанистички планови за села донесени согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ број 51/2005, 137/2007, 91/2009, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 163/13) и согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ број 199/14, 44/15 и 31/16).

Член 15

Започнатите постапки за донесување на урбанистички планови, урбанистичко-плански документации и одобрување на архитектонско-урбанистички проекти со кои се разработува детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план за вон населено место и општ акт од членот 84 на овој закон, а кои до денот на влегувањето во сила на овој закон не ја поминале фазата на јавна презентација и јавна анкета ќе продолжат согласно со одредбите на овој закон.

Член 16

Започнатите постапки за одобрување проекти за инфраструктура и архитектонско- урбанистички проекти со кои се формираат градежни парцели, ќе продолжат согласно со законот по кој се започнати.

Член 17

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 18

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR DHE URBANISTIK**

Neni 1

Në Ligjin për planifikim hapësinor dhe urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 199/14, 44/15, 193/15 dhe 31/16), në nenin 10 paragrafi (3) pas fjalëve: "kufiri i qytetit" shtohen fjalët: "përkatësisht kufiri i kuarteve dhe blloqeve që janë lëndë e ndryshimit dhe plotësimit".

Pas paragrafit (6) shtohen dy paragrafë të rinj (7) dhe (8) si vijojnë:

"(7) Ndryshimi dhe plotësimi i planit të përgjithshëm urbanistik përmban pasqyrë grafike të zgjidhjeve të përfshirjes së planit, pjesë tekstuale dhe pjesë numerike me indikatorë të bilancit për përfshirjen e planit dhe për infrastrukturën për pjesën e cila është lëndë e ndryshimit dhe plotësimit, si dhe të dhëna përmbledhëse grafike, tekstuale dhe numerike në nivel të përfshirjes së përgjithshme të planit të përgjithshëm urbanistik që dalin nga ndryshimi ose plotësimi.

(8) Lëndë e ndryshimit dhe plotësimit të planit të përgjithshëm urbanistik mund të jetë edhe vetëm pjesa tekstuale edhe vetëm pjesa numerike, me ç'rast me përjashtim të paragrafit (2) të këtij neni përmbajtja e ndryshimit dhe plotësimit të planit të përgjithshëm urbanistik përpunohet vetëm për pjesën e cila është lëndë e ndryshimit dhe plotësimit, ndërsa përfshin edhe të dhëna përmbledhëse në nivel të përfshirjes së përgjithshme të planit të përgjithshëm urbanistik që dalin nga ndryshimi ose plotësimi.".

Neni 2

Neni 12 ndryshohet si vijon:

"(1) Plani urbanistik për fshat është plan urbanistik i cili miratohet për rajonin e vendbanimit - fshat, të përcaktuar me ligj.

(2) Plani urbanistik për fshat përmban pasqyrë grafike të zgjidhjeve të planit në përfshirjen e planit, pjesë tekstuale dhe pjesë numerike me indikatorë të bilancit për përfshirjen e planit dhe për infrastrukturën. Në pasqyrën grafike mund të përcaktohen parcelat ndërtimore dhe sipërfaqet për ndërtim.

(3) Kur në pasqyrën grafike nga paragrafi (2) i këtij neni përcaktohen parcelat ndërtimore dhe sipërfaqet për ndërtim, përcaktimi i parcelave ndërtimore dhe sipërfaqeve për ndërtim bëhet së paku në nivel të një blloku.

(4) Në rast kur në pasqyrën grafike nga paragrafi (2) i këtij neni nuk përcaktohen parcelat ndërtimore dhe sipërfaqet për ndërtim e njëjta përmban: kufi të përfshirjes së planit i cili paraqet kufi të fshatit, kufi të bllokut, dedikim të tokës dhe ndërtimeve, zgjidhje të planit të rrjetit primar dhe sekondar të komunikacionit me zgjidhje të nivelit, zgjidhje të planit për të gjitha infrastrukturat

primare komunale dhe infrastrukturat tjera, kufi të komplekseve monumentale dhe të mira tjera të mbrojtura si dhe të dhënat e nevojshme për zgjidhjet e planit të përcaktuara në pajtim me rregullën nga neni 15 paragrafi (2) i këtij ligji.

(5) Në rast kur në pasqyrën grafike nga paragrafi (2) i këtij neni përcaktohen parcelat ndërtimore dhe sipërfaqet për ndërtim e njëjta përmban: kufi të përfshirjes së planit i cili paraqet kufi të fshatit, kufi të bllokut, dedikim të tokës dhe ndërtimeve, linja rregullatore, linja ndërtimore, kufi të parcelave ndërtimore, zgjidhje të planit të rrjetit primar dhe sekondar të komunikacionit me zgjidhje të nivelit, zgjidhje të planit për të gjitha infrastrukturat primare komunale dhe infrastrukturat tjera, kufi të komplekseve monumentale dhe të mira tjera të mbrojtura si dhe të dhënat e nevojshme për zgjidhjet e planit të përcaktuara në pajtim me rregullën nga neni 15 paragrafi (2) i këtij ligji.

(6) Në pasqyrën grafike nga paragrafi (2) i këtij neni ku nuk përcaktohen parcelat ndërtimore dhe sipërfaqet për ndërtim, parcela kadastrale paraqet parcelë ndërtimore.

(7) Me përjashtim të paragrafit (6) të këtij neni, prej dy ose më shumë parcelave kadastrale mund të formohet një parcelë ndërtimore ose në kuadër të një parcele kadastrale mund të formohen dy ose më shumë parcela ndërtimore ose një parcelë kadastrale e cila paraqet parcelë kadastrale, mund të parashihen sipërfaqe për ndërtim të dy ose më shumë ndërtimeve, në të cilat raste parcelat ndërtimore dhe sipërfaqet për ndërtim përcaktohen me projekt arkitektonik-urbanistik nga neni 51 të këtij ligji.

(8) Pjesa tekstuale nga paragrafi (2) i këtij neni përmban: kushte të përgjithshme për ndërtim, zhvillim dhe shfrytëzim të tokës dhe ndërtimeve për planin urbanistik për fshat në të cilin nuk përcaktohen parcela ndërtimore dhe sipërfaqe për ndërtim ose kushte të përgjithshme dhe të veçanta për ndërtim, zhvillim dhe shfrytëzim të tokës dhe ndërtimeve për plan urbanistik për fshat në të cilin përcaktohen parcela ndërtimore dhe sipërfaqe për ndërtim, të dhënat për infrastrukturën, masa të detajuara për mbrojtje të trashëgimisë së patundshme kulturore, masa për mbrojtje të mjedisit jetësor dhe natyrës dhe masa tjera dhe të dhëna të nevojshme për zgjidhjet e planit të përcaktuara në pajtim me rregullin nga neni 15 paragrafi (2) i këtij ligji.

(9) Pjesa numerike nga paragrafi (2) i këtij neni përmban indikatorë numerikë për të gjitha parametrat që dalin nga zgjidhjet e planit dhe indikatorët e bilancit që përmbajnë: të dhëna për sipërfaqet, indikatorë për infrastrukturën dhe parametra për rregullim të hapësirës së përfshirjes së planit, të përcaktuara në pajtim me rregullën nga neni 15 paragrafi (2) i këtij ligji.

(10) Ndryshimi dhe plotësimi i planit urbanistik për fshat përmban pasqyrë grafike të zgjidhjeve të planit, pjesë tekstuale dhe pjesë numerike me indikatorë të bilancit për përfshirjen e planit dhe për infrastrukturën për pjesën e cila është lëndë e ndryshimit dhe plotësimit, si dhe të dhëna përmbledhëse grafike, tekstuale dhe numerike në nivel të përfshirjes së përgjithshme të planit urbanistik për fshat që dalin nga ndryshimi ose plotësimi.

(11) Lëndë e ndryshimit dhe plotësimit të planit urbanistik mund të jetë edhe vetëm pjesa tekstuale edhe vetëm pjesa numerike, me ç'rast me përjashtim të paragrafit (2) të këtij neni përmbajtja e ndryshimit dhe plotësimit të planit urbanistik për fshat përpunohet vetëm për pjesën e cila është lëndë e ndryshimit dhe plotësimit, ndërsa përfshin edhe të dhëna përmbledhëse në nivel të përfshirjes së përgjithshme të planit urbanistik që dalin nga ndryshimi ose plotësimi.".

Neni 3

Neni 13 ndryshohet si vijon:

"(1) Plani urbanistik për zonë jashtë vendbanimit është plani urbanistik i cili miratohet për përfshirjen e planit i cili nuk është përfshirë me planin e përgjithshëm urbanistik dhe me planin urbanistik për fshat.

(2) Plani urbanistik për zonë jashtë vendbanimit përmban pasqyrë grafike dhe pjesë tekstuale dhe pjesë numerike me indikatorë të bilancit për përfshirjen e planit dhe për infrastrukturën. Në pasqyrën grafike mund të përcaktohen parcelat ndërtimore dhe sipërfaqet për ndërtim.

(3) Kur në pasqyrën grafike nga paragrafi (2) i këtij neni përcaktohen parcelat ndërtimore dhe sipërfaqet për ndërtim, përcaktimi i parcelave dhe sipërfaqeve ndërtimore për ndërtim bëhet së paku në nivel të një blloku.

(4) Në rast kur në pasqyrën grafike nga paragrafi (2) i këtij neni nuk përcaktohen parcelat ndërtimore dhe sipërfaqet për ndërtim e njëjta përmban: kufi të përfshirjes së planit, kufi të bllokut, dedikim të tokës dhe ndërtimeve, zgjidhje të planit të rrjetit primar dhe sekondar të komunikacionit me zgjidhje të nivelit, zgjidhje të planit për te gjitha infrastrukturat primare komunale dhe infrastrukturat tjera, kufi të komplekseve monumentale dhe të mira tjera të mbrojtura si dhe të dhënat e nevojshme për zgjidhjet e planit të përcaktuara në pajtim me rregullën nga neni 15 paragrafi (2) i këtij ligji.

(5) Në rast kur në pasqyrën grafike nga paragrafi (2) i këtij neni përcaktohen parcelat ndërtimore dhe sipërfaqet për ndërtim e njëjta përmban: kufi të përfshirjes së planit, kufi të bllokut, dedikim të tokës dhe ndërtimeve, linja rregullatore, linja ndërtimore, kufi të parcelave ndërtimore, zgjidhje të planit të rrjetit primar dhe sekondar të komunikacionit me zgjidhje te nivelit, zgjidhje të planit për të gjitha infrastrukturat primare dhe sekondare komunale dhe infrastrukturat tjera, kufi të komplekseve monumentale dhe të mira tjera te mbrojtura si dhe të dhënat tjera të nevojshme për zgjidhjet e planit të përcaktuara në pajtim me rregullën nga neni 15 paragrafi (2) i këtij ligji.

(6) Në pasqyrën grafike nga paragrafi (2) i këtij neni ku nuk përcaktohen parcelat ndërtimore dhe sipërfaqet për ndërtim, parcela kadastrale paraqet parcelë ndërtimore.

(7) Me përjashtim të paragrafit (6) të këtij neni, prej dy ose më shumë parcelave kadastrale mund të formohet një parcelë ndërtimore ose në kuadër të një parcele kadastrale mund të formohen dy ose më shumë parcela ose një parcele kadastrale e cila paraqet parcelë kadastrale, mund të parashihen sipërfaqe për ndërtim të dy ose më shumë ndërtimeve, në të cilat raste parcelat ndërtimore dhe sipërfaqet për ndërtim përcaktohen me projekt arkitektonik-urbanistik nga neni 51 i këtij ligji.

(8) Pjesa tekstuale nga paragrafi (2) i këtij neni përmban: kushte të përgjithshme për ndërtim, zhvillim dhe shfrytëzim të tokës dhe ndërtimeve për planin urbanistik jashtë vendbanimit në të cilin nuk përcaktohen parcela ndërtimore dhe sipërfaqe për ndërtim ose kushte të përgjithshme dhe të veçanta për ndërtim, zhvillim dhe shfrytëzim të tokës dhe ndërtimeve për plan urbanistik jashtë vendbanimit në të cilin përcaktohen parcela ndërtimore dhe sipërfaqe për ndërtim, të dhënat për infrastrukturën, masa të detajuara për mbrojtje të trashëgimisë së patundshme kulturore, masa për mbrojtje të mjedisit jetësor dhe natyrës dhe masa tjera dhe të dhëna të nevojshme për zgjidhjet e planit të përcaktuara në pajtim me rregullën nga neni 15 paragrafi (2) i këtij ligji.

(9) Pjesa numerike nga paragrafi (2) i këtij neni përmban indikatorë numerikë për të gjitha parametrat që dalin nga zgjidhjet e planit dhe indikatorët e bilancit që përmbajnë: të dhëna për sipërfaqet, indikatorë për infrastrukturën dhe parametra për rregullim të hapësirës së përfshirjes së planit, të përcaktuara në pajtim me rregullën nga neni 15 paragrafi (2) i këtij ligji.".

Neni 4

Në nenin 16 paragrafi (9) ndryshohet si vijon:

"Me përjashtim të paragrafit (4) dhe paragrafit (8) të këtij neni, autorizim për përpilimin e planeve urbanistike dhe autorizim për revizion të planeve urbanistike mund të marrë edhe personi i cili ka pesë vjet përvojë pune në procedurën për miratimin dhe zbatimin e planeve urbanistike ose tre vite përvojë në procedurën për miratimin e dokumentacioneve të planit urbanistik dhe pjesëmarrje në më së paku pesë revizione profesionale si anëtar i komisionit profesional nga neni 37 paragrafi (4) i këtij ligji, si dhe personi me titull shkencor nga sfera e planifikimit urbanistik që ka dy referenca nga sfera e planifikimit urbanistik, persona të cilët i njohin rregullat për planifikim urbanistik.“.

Neni 5

Në nenin 25 paragrafi (11) ndryshohet si vijon:

"Gjatë përpilimit të planeve urbanistike dhe dokumentacioneve të planit urbanistik, përpilimi i të cilave është financuar nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë, shpenzimet për përpunimin e kushteve për planifikimin e hapësirës kompensohen nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë me program vjetor për financimin e përpunimit të planeve urbanistike, planeve rregullatore të planeve të përgjithshme urbanistike, dokumentacionit të planit urbanistik dhe dokumentacionit të projektit urbanistik nga neni 22 paragrafi (2) i këtij ligji.".

Neni 6

Në nenin 26 në paragrafin (2) pas fjalëve: "dokumentacioni i planit urbanistik" presja shlyhet dhe shtohen fjalët: "ose nga ana e personit juridik me licencë për përpilimin e planeve urbanistike."

Pas paragrafit (2) shtohet paragrafi i ri (3) si vijon:

"Këshilli i Komunës, Këshilli i Komunës në Qytetin e Shkupit përkatësisht Qyteti i Shkupit, me vendim mund ta përcaktojë përdorimin me dedikim të tokës në brezin pranë bregut sipas të drejtave të fituara me planet paraprake urbanistike, dokumentacioneve urbanistike për vendbanime dhe akteve të përgjithshme ose fondit ekzistues ndërtimor me status të përcaktuar juridik, që bëhet pjesë përbërëset programit të planit për planet urbanistike nga neni 7 paragrafi (1) pika 2 të këtij ligji dhe dokumentacionit të planit urbanistik nga neni 7 paragrafi (2) të këtij ligji.".

Paragrafët (3), (4) dhe (5) bëhen paragrafë (4), (5) dhe (6).

Paragrafët (6) që bëhet paragraf (7) ndryshohet si vijon:

"(7) Kryetari i komunës, kryetari i komunës në Qytetin e Shkupit përkatësisht ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore kompetent për kryerjen e punëve nga sfera e rregullimit të hapësirës, në bazë të propozimit të dorëzuar, është i detyruar që në afat prej tri ditësh pune nga pranimi i propozimit nga paragrafi (5) i këtij neni, ta miratojë programin e planit me vërtetim për verifikim në formë elektronike ose të dorëzojë njoftim për mangësitë e konstatuara, në formë elektronike përmes sistemit informativ e-urbanizëm.".

Paragrafët (7) dhe (8) bëhen paragrafë (8) dhe (9).

Paragrafi (9) që bëhet paragraf (10) shlyhet.

Paragrafi (10) bëhet paragraf (9).

Neni 7

Në nenin 38 paragrafi (2) numri "10" zëvendësohet me numrin: "15", fjalët pas presjes: "ndërsa në të kundërtën do të konsiderohet se pëlqimi është lëshuar" shlyhen, ndërsa presja zëvendësohet me pikë.

Në paragrafin (3) pika në fund të fjalisë shlyhet dhe shtohen fjalët: "ose kur ekzistojnë të dhëna të reja që nuk janë paraqitur me kërkesën për marrje pëlqim të planit urbanistik për të cilin është lëshuar njoftimi për mangësi.".

Neni 8

Në nenin 51 paragrafi (1) ndryshohet si vijon:

"Projekti urbanistik-arkitektonik është dokumentacion i projektit-urbanistik i cili përpilohet në bazë të planeve urbanistike nga neni 7 paragrafi (1) pika 2 alinetë 2, 3 dhe 4 të këtij ligji, dokumentacionit të planit urbanistik nga neni 7 paragrafi (2) i këtij ligji si dhe dokumentacionit të projektit-urbanistik nga paragrafi (2), (3) dhe (4) të këtij neni, kur në një parcelë ndërtimore në planin urbanistik përkatësisht dokumentacionin e planit urbanistik përkatësisht dokumentacionin e projektit-urbanistik është përcaktuar hapësirë e përcaktuar me linja ndërtimore në të cilin është lejuar vendosja e sipërfaqeve për ndërtim të më shumë objekteve në pajtim me përqindjen e ndërtimit të tokës, të përcaktuar me standardet dhe normativat për planifikim urbanistik nga neni 68 të këtij ligji dhe i cili përpunohet për formim të parcelave ndërtimore gjatë përpunimit të planit të detajuar urbanistik, planit urbanistik për fshat, planit urbanistik jashtë vendbanimit, dokumentacioneve të planit urbanistik dhe akteve të përgjithshme nga neni 84 të këtij ligji.".

Paragrafi (4) ndryshohet si vijon:

"Me një ose më shumë projekte arkitektonike-urbanistike mund të kryhet:

- riparcelizimi, ridedikimi (parashikimi i dedikimeve që janë përcaktuar me dokumentacionin ekzistues të planit urbanistik si dhe dedikime që nuk janë përcaktuar me dokumentacionin ekzistues shtetëror të planit urbanistik) dhe formimi i parcelave të reja ndërtimore, në kuadër të zonës zhvillimore industriale teknologjike dhe në kuadër të zonës industriale të formuar nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë, në të cilat me dokumentacionin shtetëror të planit urbanistik paraprakisht janë përcaktuar parcelat ndërtimore, si dhe ndryshimi i trasesë së infrastrukturës dhe zhvendosja e pikave për kyçje infrastrukturore në kuadër të zonave të cekura, të cilat paraprakisht janë përcaktuar me dokumentacionin shtetëror të planit urbanistik,

- riparcelizimi dhe formimi i parcelave të reja ndërtimore ose bashkimi i parcelave ndërtimore të formuar në planin urbanistik dhe dokumentacionin e planit urbanistik që janë paraparë për ndërtim të objekteve me dedikim G (prodhim, distribuim dhe servise), në pajtim me standardet dhe normativat për planifikim urbanistik nga neni 68 të këtij ligji,

- ndryshimi i kufirit të të dyja parcelave ndërtimore fqinje me klasë themelore të dedikimit A1- banim në shtëpi banesore, veçanërisht kah ana e parcelës ndërtimore, me ç'rast nuk janë lejuar ndryshime të parametrave tjera të përcaktuara me plan urbanistik ose dokumentacion të planit urbanistik.

- riparcelizimi dhe formimi i dy parcelave të reja ndërtimore me klasë themelore të dedikimit A1- banim në shtëpi banesore dhe zgjidhje urbanistike për çdo parcelë ndërtimore veçanërisht nga një parcelë ndërtimore të formuar në plan të detajuar urbanistik me sipërfaqe prej së paku 500 m2 dhe me klasë themelore të dedikimit A1 - banim në shtëpi banesore, e në pajtim me standardet dhe normativat për planifikim urbanistik, lloji i banimit, ndërtimi dhe dendësia për ndërtim në rajonin dhe plani i përgjithshëm urbanistik.".

Në paragrafin (8) pas fjalëve: "Projekti urbanistik arkitektonik" shtohen fjalët: "me raport për revizionin e kryer profesional".

Në paragrafin (10) pas fjalëve: "Në rastet kur me projektin arkitektonik-urbanistik përpunohet" shtohen fjalët: "plan i detajuar urbanistik".

Neni 9

Në nenin 52 paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"Me përjashtim të paragrafit (1) të këtij neni projekti për infrastrukturën mund të përpilohet në rastet në vijim:

- traseja e objektit infrastrukturor në linjë është përcaktuar në planin urbanistik nga neni 7 paragrafi (1) pika 2 e këtij ligji përkatësisht dokumentacioni i planit urbanistik nga neni 7 paragrafi (2) i këtij ligji nëse me dispozitat e planit urbanistik përkatësisht dokumentacionit të planit urbanistik është paraparë përpilimi i projektit për infrastrukturën,

- traseja e objektit infrastrukturor në linjë është përcaktuar në planin urbanistik nga neni 7 paragrafi (1) pika 2 e këtij ligji, përkatësisht dokumentacionin e planit urbanistik nga neni 7 paragrafi (2) i këtij ligji, në të cilin është paraparë përpunimi i projektit për infrastrukturën, përkatësisht nuk është paraparë përpunimi i projektit për infrastrukturën, por është miratuar vendim i Këshillit të komunës, komunës në Qytetin e Shkupit dhe Qytetin e Shkupit për ndryshim të trasesë së objektit infrastrukturor në linjë, vetëm në rastet kur me ndryshimin e trasesë së objektit infrastrukturor në linjë nuk prishet linja rregullatore e përcaktuar me planin urbanistik ose dokumentacionin e planit urbanistik,

- kur nevojitet të ndryshohet traseja dhe/ose pika lidhëse e objektit infrastrukturor në linjë, të cilat janë përcaktuar në dokumentacionin e planit urbanistik për zonën zhvillimore industriale teknologjike dhe për zonën industriale të formuar nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë, në dhe jashtë zonës.".

Në paragrafin (3) fjalët: "përmban zgjidhje teknike për infrastrukturën me të gjitha elementet e saj (puseta, puse, stacione matëse, mure mbështetëse, ura, viadukte, kalime, mbikalime, nënkalime, tunele, udhëkryqe e të tjera) në pjesën tekstuale edhe shtojca grafike dhe" shlyhen.

Neni 10

Në nenin 70 paragrafi (2) shlyhet.

Paragrafët (3), (4), (5) dhe (6), bëhen paragrafë (2), (3), (4) dhe (5).

Neni 11

Neni 71 ndryshohet si vijon:

"Shkalla e azhurnimit të bazave të digjitalizuara të azhurnuara përcaktohet në rregullin nga neni 15 i këtij ligji, e varësisht se për çfarë plani, dokumentacioni të planit urbanistik ose dokumentacioni të projektit urbanistik përpilohen.".

Neni 12

Neni 76 ndryshohet si vijon:

"(1) Plani i detajuar urbanistik i miratuar në pajtim me planin e përgjithshëm urbanistik i cili është shfuqizuar, mund të zbatohet vetëm nëse dedikimet e planit të detajuar urbanistik janë në pajtim me dedikimet e përcaktuara në planin e ri të përgjithshëm urbanistik.

(2) Në rastet nga paragrafi (1) i këtij neni kur me planin e përgjithshëm urbanistik planifikohet zgjerimi i rrjetit të komunikacionit, plani i detajuar urbanistik i miratuar para hyrjes në fuqi të planit të përgjithshëm urbanistik nga paragrafi (1) i këtij neni, mund të aplikohet vetëm nëse me realizimin e objekteve të planifikuara ose pjesëve nga objektet e planifikuara nga plani i detajuar urbanistik nuk pengohet realizimi i rrjetit të komunikacionit nga plani i përgjithshëm urbanistik.

(3) Me përjashtim nga paragrafi (1) i këtij neni, plani i detajuar urbanistik i miratuar në pajtim me planin e përgjithshëm urbanistik i cili është shfuqizuar, mund të zbatohet edhe nëse dedikimet e planit të detajuar urbanistik nuk janë në pajtim me dedikimet e përcaktuara në planin e ri të përgjithshëm urbanistik, në rastet kur është tjetërsuar toka ndërtimore pronë e Republikës së Maqedonisë nëpërmjet ankandit publik sipas dispozitave të ligjit për tokë ndërtimore dhe blerësi ka marrë obligime për ndërtimin e objektit sipas dedikimit në planin e detajuar urbanistik, e me planin e ri të përgjithshëm urbanistik është përcaktuar vijë e objektit infrastrukturor nëntokësor apo mbitokësor.".

Neni 13

Në nenin 84 pas paragrafit (1) shtohen dy paragrafë të rinj (2) dhe (3), si vijojnë:

"(2) Përpilimi i aktit të përgjithshëm parashihet në programin vjetor nga neni 20 i këtij ligji.

(3) Përdorimi me dedikim i tokës në brezin pranë bregut përcaktohet me vendim të Këshillit të Komunës, Këshillit të Komunës në Qytetin e Shkupit përkatësisht Qytetit të Shkupit, sipas të drejtave të fituara me planet paraprake urbanistike, dokumentacioneve urbanistike për vendbanime dhe akteve të përgjithshme ose fondit ekzistues ndërtimor me status të përcaktuar juridik.".

Paragrafi (2) bëhet paragraf (4).

Neni 14

Dispozitat e nenit 2 me të cilin ndryshohet neni 12 dhe dispozitat e nenit 3 me të cilin ndryshohet neni 13 i këtij ligji mund të zbatohen vetëm gjatë ndryshimit dhe plotësimit të planeve të përgjithshme urbanistike dhe planeve urbanistike për fshatra të miratuara në pajtim me Ligjin për planifikim hapësinor dhe urbanistik ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 51/2005, 137/2007, 91/2009, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 dhe 163/13) dhe në pajtim me Ligjin për planifikim hapësinor dhe urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 199/14, 44/15 dhe 31/16).

Neni 15

Procedurat e filluara për miratimin e planeve urbanistike, dokumentacioneve të planit urbanistik dhe miratimin e projekteve arkitektonike-urbanistike me të cilat përpilohet plani i detajuar urbanistik, plani urbanistik për fshat, plani urbanistik jashtë vendbanimit dhe akti i përgjithshëm i nenit 84 të këtij ligji, e të cilat deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji nuk e kanë kaluar fazën e prezantimit publik dhe anketës publike do të vazhdojnë në pajtim me dispozitat e këtij ligji.

Neni 16

Procedurat e filluara për miratimin e projekteve për infrastrukturë dhe projekteve arkitektonike-urbanistike me të cilat formohen parcelat ndërtimore, do të vazhdojnë në pajtim me ligjin sipas të cilit kanë filluar.

Neni 17

Autorizohet Komisioni Juridik Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë që të përcaktojë tekst të spastruar të Ligjit për planifikim hapësinor dhe urbanistik.

Neni 18

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**3634.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА**

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за јавните патишта,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 25 август 2016 година.

Бр. 08-3661/1
25 август 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА**

Член 1

Во Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ број 84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16 и 71/16), во член 14 по ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6), кои гласат:

„(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, во случај на елементарна непогода и други несреќи, за кои е донесена одлука за постоење на кризна состојба од страна на Владата на Република Македонија, работите за рехабилитација и реконструкција на општинските патишта и улици може да ги врши и Јавното претпријатие.

(6) За утврдување на општинските патишта и улици од ставот (5) на овој член, Владата на Република Македонија донесува одлука.”.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

**L I GJ**
**PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR RRUGË PUBLIKE**

Neni 1

Në Ligjin për rrugë publike ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16 dhe 71/16), në nenin 14 pas paragrafit (4) shtohen dy paragrafë të rinj (5) dhe (6), si vijonë:

"(5) Me përjashtim nga paragrafi (4) i këtij neni, në rast të fatkeqësisë elementare dhe fatkeqësive tjera, për të cilat është marrë vendim për ekzistimin e gjendjes së krizës nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë, punët për rehabilitim dhe rikonstruktim të rrugëve dhe rrugicave komunale mund t'i kryejë edhe Ndërmarrja Publike.

(6) Për përcaktimin e rrugëve dhe rrugicave komunale nga paragrafi (5) i këtij neni, Qeveria e Republikës së Maqedonisë merr vendim.".

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**3635.**

Врз основа на членот 9 став 1 алинеја 2, а во врска со членовите 10, 11 став 2 и 26 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 60/2006, 69/2006, 150/10, 100/11, 20/15 и 61/15), претседателот на Собранието на Република Македонија на 29 август 2016 година распиша

**О Г Л А С**
**ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ШТО ГО ИЗБИРА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1.Собранието на Република Македонија ќе врши избор на еден член на Судскиот совет на Република Македонија.

2. За член на Судскиот совет на Република Македонија се избира лице од редот на универзитетски професори по право, адвокати и други истакнати правници, кое:

- е државјанин на Република Македонија,
- дипломиран правник со најмалку 15 години работно искуство во правната професија со положен правосуден испит и кое во вршењето на правната професија се истакнало со научна или професионална работа или со свое јавно делување и
- ужива углед, поседува интегритет за вршење на функцијата член на Совет и поседува социјални способности за вршење на функцијата член на Совет, за што се спроведуваат тестови за интегритет и психолошки тестови.

3. Пријавата за учество на овој оглас, личната биографија и потребните документи за докажување на исполнувањето на условите од точката 2 алинеи 1 и 2 на овој оглас, во оригинал или заверена копија на нотар, заинтересираните кандидати треба да ги поднесат до Собранието на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Огласот во „Службен весник на Република Македонија“.

Кандидатите полагаат психолошки тест и тест за интегритет согласно со член 11а од Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на

Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 61/15). По однос на термините за полагање на тестовите, кандидатите ќе бидат дополнително известени од страна на Судскиот совет на Република Македонија поради што е потребно кандидатите во пријавите да наведат контакт телефон и е-меил адреса. Трошоците за полагање на психолошкиот тест и тестот за интегритет паѓаат на товар на кандидатите.

Документите од алинејата 3 на точката 2 на овој оглас се доставуваат веднаш по спроведувањето на тестовите за интегритет и психолошките тестови.

Некомплетните документи нема да се разгледуваат.

4. Овој оглас ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“ и во весниците „Дневник“, „Вечер“ и „Лајм“.

Бр. 08 - 3685/1
29 август 2016 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**,с.р.

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3636.**

Врз основа на член 15 став (7) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16 и 142/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.8.2016 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА ВИСИНАТА НА ЦЕНАТА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ВИСИНАТА НА ПОСЕБНИТЕ ТРОШОЦИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ОТУЃУВАЊЕ, ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП И ЗА ЗАСНОВАЊЕТО НА ПРАВО НА СТВАРНА СЛУЖБЕНОСТ

Член 1

Со оваа уредба се пропишува висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за засновањето на право на стварна службеност.

Член 2

(1) Висината на цените за отуѓување на градежното земјиште се утврдени во Табеларни прегледи од Прилог 1, Прилог 2 и Прилог 3, кои се составен дел на оваа уредба.

(2) Во Табеларните прегледи од став (1) на овој член се дадени цените за отуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Македонија, поделено по реони и зони на општините и населените места за утврдени намени, за секоја од општините во Република Македонија.

(3) Почетните цени за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на јавно наддавање се дадени во Табеларниот преглед од Прилог 1 на оваа уредба.

(4) Цените по кои се отуѓува градежно земјиште сопственост на Република Македонија со непосредна спогодба се дадени во Табеларниот преглед од Прилог 2 од оваа уредба, освен цените по кои се отуѓува градежно земјиште сопственост на Република Македонија со непосредна спогодба на сопствениците на објекти или посебни делови од објекти за кои е донесено решение согласно со Законот за постапување со бесправно изградени објекти врз основа на кое се запишани во јавната книга на недвижности, согласно член 70 од Законот за градежно земјиште и тоа:

- за отуѓување на градежното земјиште под објектот, односно делот од објектот за кој е донесено решение согласно со Законот за постапување со бесправно изградени објекти во зависност од видот и намената на објектот, ќе се применува табелариот преглед од Прилог 3 на оваа уредба;

- за отуѓување на градежното земјиште кое се наоѓа во рамки на градежната парцела, а не претставува земјиште под објект, во зависност од намената предвидена со урбанистички план или урбанистичка планска документација, ќе се применува табелариот преглед од Прилог 2 на оваа уредба.

(5) По исклучок од став (4), алинеја 2 на овој член, за отуѓување на градежното земјиште кое се наоѓа во рамки на градежната парцела, а не претставува земјиште под објект, за објекти со намена индивидуално домување предвидени со урбанистички план или урбанистичка планска документација, во рамки на градежната парцела до 500м2 ќе се применува табелариот преглед од Прилог 3 на оваа уредба, а доколку градежната парцела е поголема од 500м2, делот од градежната парцела кој надминува површина од 500м2 ќе се отуѓува согласно Табеларниот преглед од Прилог 2 на оваа уредба.

(6) Во однос на примената на цените утврдени во Табеларните прегледи од Прилог 1 и Прилог 2 на оваа уредба, во случај кога на една градежна парцела со урбанистички план или урбанистичко планска документација се предвидени две или повеќе намени компатибилни со основната намена утврдена со урбанистички план или урбанистичко планска документација, тогаш цената се формира така што во крајната цена по метар квадратен, основната намена се пресметува во износ од 70%, а компатибилната намена изнесува 30% од цената за отуѓување кога се врши отуѓување или од цената за давање под закуп кога се дава под закуп. При формирање на цената на компатибилната намена, во предвид се зема највисоката цена за компатибилната намена согласно Табеларните прегледи од Прилог 1 и Прилог 2 на оваа уредба.

(7) По исклучок од ставот (6) на овој член, кога на една градежна парцела со урбанистички план или урбанистичка планска документација освен основната намена откупен дистрибутивен центар за земјоделски производи, Г - производство, дистрибуција и сервиси, А3 – групно домување, В – јавни институции и А1 – индивидуално домување, се утврдени една или повеќе намени компатибилни со основната намена, цената се утврдува единствено врз основа на цената на основната намена по метар квадратен за отуѓување или од цената за давање под закуп кога се дава под закуп, без притоа да се пресметува цената на компатибилните намени.

(8) Во случаите кога на една градежна парцела со урбанистички план или урбанистичко планска документација е предвидена група на класи на намена, а не е дефинирана класа на намена согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, во предвид се зема највисоката цена од групата на класи на намена, согласно Табеларните прегледи од Прилог 1 и Прилог 2 на оваа уредба.

(9) По исклучок од ставот (8) на овој член, цената на градежното земјиште може да се формира и согласно намената на објектот запишана во имотен лист, која изнесува повеќе од 50% од вкупната површина на објектот.

Член 3

(1) Висината на почетната цена на годишната закупнина, за градежно земјиште сопственост на Република Македонија кое се дава под долготраен закуп по пат на јавно наддавање, не може да биде пониска од 5% од утврдената цена по метар квадратен во Табеларниот преглед од Прилог 1 на оваа уредба.

(2) Висината на годишната закупнина за градежно земјиште сопственост на Република Македонија кое се дава под долготраен закуп со непосредна спогодба за изградба на објекти од јавен интерес утврдени со закон, согласно член 15 став 5 од Законот за градежно земјиште, изнесува 0.2% од утврдената цена по метар квадратен во табеларниот преглед од Прилог 2 на оваа уредба.

Член 4

Висината на еднократниот надоместок за засновање на право на стварна службеност на градежно земјиште сопственост на Република Македонија изнесува 10% од утврдената цена по метар квадратен во табеларниот преглед од Прилог 2 на оваа уредба.

Член 5

(1) Висината на почетната цена на годишната закупнина, на градежно земјиште сопственост на Република Македонија кое е предвидено за плажа, а се дава под краткотраен закуп по пат на јавно наддавање, не може да биде пониска од 5% од утврдената цена по метар квадратен во Табеларниот преглед од Прилог 1 на оваа уредба, освен за градежното земјиште сопственост на Република Македонија предвидено за плажа во Општина Дојран, каде почетната цена на годишната закупнина не може да биде пониска од 0.5% од утврдената цена по метар квадратен во Табеларниот преглед од Прилог 1 на оваа уредба.

(2) Висината на годишната закупнина за градежното земјиште кое се дава под краткотраен закуп на сопствениците на угостителски објекти пред кои е предвидено плажа, како и на правни и физички лица за потребите за формирање на градилиште изнесува 2% од утврдената цена по метар квадратен во Табеларниот преглед од Прилог 2 на оваа уредба.

Член 6

Во постапките за отуѓување и давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на јавно наддавање, висината на минималниот чекор на зголемување на вредноста по метар квадратен на градежното земјиште изнесува 10% од минималната почетна цена по метар квадратен за отуѓување на градежно земјиште, односно 10% од минималната почетна цена по метар квадратен за давање под закуп на градежно земјиште, но не помалку од 10 денари, со заокружување до најблискиот цел број во случаите кога висината на минималниот чекор претставува децимален број.

Член 7

(1) Посебни трошоци во постапката за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на јавно наддавање се:

- трошоци за обезбедување на докази за градежното земјиште предмет на јавното наддавање;
- трошоци за објавување во медиумите и јавните гласила;
- трошоци за увид на лице место и утврдување на фактичка состојба и за воведување во владение на градежното земјиште.

(2) Висината на трошоците од ставот (1) на овој член изнесува 10% од вредноста на банкарската гаранција за сериозност на понудата.

Член 8

(1) Посебните трошоци во постапката за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија со непосредна спогодба и во постапката за засновање на стварна службеност на градежно земјиште сопственост на Република Македонија се:

- трошоци за увид на лице место и утврдување на фактичката состојба,
- трошоци за издавање на преписи на акти и
- трошоци за тековно одржување на софтверска апликација.

(2) Висината на посебните трошоци од став (1) на овој член се определува во следниот износ:

1. Надоместок на трошоци за увид на лице место и утврдување на фактичка состојба:

- за оддалеченост од седиштето до 10 км – 1000,00 денари
- за оддалеченост од седиштето од 10 км до 50 км – 2000,00 денари
- за оддалеченост од седиштето над 50 км – 3000,00 денари

2. Надоместок на трошоци за издавање на преписи на акти:

- за препис на договор – 150,00 денари
- за препис на записник за увид на лице место – 200,00 денари и
- за поединечен препис на други акти – 200,00 денари

3. Надоместок на трошоци за тековно одржување на софтверска апликација

- за поединечно барање - 200 денари.

Член 9

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба престанува да важи Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп како и за засновањето на право на стварна службеност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/13, 175/13, 134/14, 161/14, 15/15, 2/16 и 48/16).

Член 10

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6170/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски,** с.р.





| Ред. бр. | Зона на цени | | |



| Број | | Висина на цени по зони | | |

**3637.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15 и 153/15), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 23.8.2016 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНА СТВАР ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижна ствар која се наоѓа на КП.бр.7985/1 во КО Битола 3, на ул. „Јорго Османо“ бр.10 и тоа зграда 1, намена на зграда Б1-1, влез 2, кат -ПР, намена на посебен дел ДП, со внатрешна површина од 46м2, во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-5225/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски**, с.р.

---

**3638.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15 и 153/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.8.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижни ствари кои се наоѓаат на КП.бр.4855 во КО Сопотница, м.в.Село и тоа:

- зграда 2, намена на зграда А2-1, влез 2, кат –К2, број 33, намена на посебен дел -СТ, со внатрешна површина од 40м2 и
- зграда 2, намена на зграда А2-1, влез 2, кат –К2, број 33, намена на посебен дел ПП, со внатрешна површина од 3м2,

во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-5228/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски,** с.р.

**3639.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15 и 153/15), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 23.8.2016 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижни ствари кои се наоѓаат на КП.бр.4855 во КО Сопотница, м.в. Село и тоа:

- зграда 2, намена на зграда А2-1, влез 1, кат–К4, број 28, намена на посебен дел -СТ, со внатрешна површина од 41 м2 и
- зграда 2, намена на зграда А2-1, влез 1, кат–К4, број 28, намена на посебен дел ПП, со внатрешна површина од 3 м2,

во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-5229/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски**, с.р.

---

**3640.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15 и 153/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.8.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижни ствари кои се наоѓаат на КП.бр.9015 во КО Битола 3, на ул.“Маршал Тито“ бр.28 и тоа:

- зграда 1,намена на зграда А1-1, влез 1, кат- ПО, намена на посебен дел П, со внатрешна површина од 49м2;
- зграда 1,намена на зграда А1-1, влез 1, кат- ПР, број 1, намена на посебен дел ДП со внатрешна површина од 72м2 и
- зграда 1,намена на зграда А1-1, влез 1, кат- ПР, намена на посебен дел ХС со внатрешна површина од 4м2,

во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-5230/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски**, с.р.

---

**3641.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15 и 153/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.8.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижни ствари кои се наоѓаат на КП.бр. 8373/1 во КО Битола 4, на ул.„Булевар 1 ви мај“ (Безистен) и тоа:

- зграда 1, намена на зграда Б1-1, влез 1, кат- ПР, број 3, намена на посебен дел- ДП со внатрешна површина од 22м2;
- зграда 1, намена на зграда Б1-1, влез 1, кат- ПР,број 6, намена на посебен дел -ДП со внатрешна површина од 18м2;
- зграда 1, намена на зграда Б1-1, влез 1, кат- ПР, број 7, намена на посебен дел--ДП со внатрешна површина од 31м2;
- зграда 1, намена на зграда Б1-1, влез 1, кат- ПР, број 9, намена на посебен дел- ДП со внатрешна површина од 18м2;
- зграда 1, намена на зграда Б1-1, влез 1, кат- ПР, број 11, намена на посебен дел- ДП со внатрешна површина од 20м2;
- зграда 1, намена на зграда Б1-1, влез 1, кат- ПО, број 12, намена на посебен дел- ДП со внатрешна површина од 84м2;
- зграда 1, намена на зграда Б1-1, влез 1, кат- ПР, број 16, намена на посебен дел- ДП со внатрешна површина од 34м2;
- зграда 1, намена на зграда Б1-1, влез 1, кат- ПР, број 16, намена на посебен дел-П со внатрешна површина од 10м2;
- зграда 1, намена на зграда Б1-1, влез 1, кат- ПР, број 19/2, намена на посебен дел- ДП со внатрешна површина од 38м2;
- зграда 1, намена на зграда Б1-1, влез 1, кат- ПР, број 20, намена на посебен дел-ДП со внатрешна површина од 21м2;
- зграда 1, намена на зграда Б1-1, влез 1, кат- ПО, број 21-22, намена на посебен дел- ДП со внатрешна површина од 238м2;
- зграда 1, намена на зграда Б1-1, влез 1, кат- ПО, број 21-22, намена на посебен дел- ХС со внатрешна површина од 20м2;
- зграда 1, намена на зграда Б1-1, влез 1, кат- ПР, број 21-22, намена на посебен дел-ДП со внатрешна површина од 17м2 и
- зграда 1, намена на зграда Б1-1, влез 1, кат- ПР, број 21-22, намена на посебен дел- ХС со внатрешна површина од 20м2,

во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-5233/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски**, с.р.

---

**3642.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15 и 153/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.8.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижни ствари кои се наоѓаат на КП бр.4852 во КО Сопотница, м.в. Село и тоа;

- зграда 1, намена на зграда А2-1, влез 2, кат –К3, намена на посебен дел-СТ, со внатрешна површина од 55 м2 и
- зграда 1, намена на зграда А2-1, влез 2, кат-К3 , намена на посебен дел–ПП, со внатрешна површина од 7 м2,

во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-5236/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски**, с.р.

---

**3643.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15 и 153/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.8.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижни ствари кои се наоѓаат на КП.бр.8401/1 во КО Битола 4, на ул.“Браќа Мингови“ бр.4 и тоа:

- зграда 2, намена на зграда Б1-1, влез 1, кат ПО, намена на посебен дел -П, со внатрешна површина од 33м2;
- зграда 2, намена на зграда Б1-1, влез 1, кат ПО, намена на посебен дел -ХС, со внатрешна површина од 3м2;
- зграда 2,намена на зграда Б1-1, влез 1, кат ПР,број 1, намена на посебен дел –ДП, со внатрешна површина од 41м2;
-зграда 2, намена на зграда Б1-1, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел- ХС , со внатрешна површина од 4м2;
- зграда 2, намена на зграда Б1-1, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел-П, со внатрешна површина од 8м2;
- зграда 2, намена на зграда Б1-1, влез 1, кат ГЛ, број 1, намена на посебен дел –ДП, со внатрешна површина од 26м2;
- зграда 2, намена на зграда Б1-1, влез 1, кат К1,број 1, намена на посебен дел- ДП, со внатрешна површина од 42м2 и
- зграда 2, намена на зграда Б1-1, влез 1, кат К1, намена на посебен дел- ХС, со внатрешна површина од 5м2,

во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.

Бр. 42-5237/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски**, с.р.

---

**3644.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15 и 153/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.8.2016 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНА СТВАР ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижна ствар која се наоѓа на КП.бр.8302 во КО Битола 4, на ул. „Жикица Јовановиќ Шпанац “ бр.63 и тоа зграда 1, намена на зграда Б1-1, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен дел ДП, со внатрешна површина од 11м2, во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-5239/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски**, с.р.

---

**3645.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15 и 153/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.8.2016 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНА СТВАР ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижна ствар која се наоѓа на КП.бр.8303 во КО Битола 4, на ул. „Жикица Јовановоќ Шпанац“ бр.61 и тоа:

- зграда 1, намена на зграда Б1-1, влез 1, кат -ПР, намена на посебен дел ДП, со внатрешна површина од 12м2,

во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-5243/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски**, с.р.

---

**3646.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15 и 153/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.8.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижни ствари кои се наоѓаат на КП бр.5101 во КО Сопотница, м.в.Село и тоа:

- зграда 4, намена на зграда А1-1, влез 1, кат -ПР, број 1, намена на посебен дел СТ, со внатрешна површина од 83 м2 и
- зграда 4, намена на зграда А1-1, влез 1, кат -ПР, број 1, намена на посебен дел ПП, со внатрешна површина од 30 м2,

во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-5245/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски,** с.р.

---

**3647.**

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15 и 153/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.8.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за финансии му престанува користењето на движните ствари и тоа:

| Ред. број | Канцелариски мебел | Количина |
|---|---|---|
| 1. | Бироа (дрвени со метални ногарки) | 1 |
| 2. | Работни столици (дрвени со метални ногарки) | 3 |

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат на трајно користење, без надомест на општина Делчево.

Член 3

Министерот за финансии склучува договор со градоначалникот на Општина Делчево, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-5309/2
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски**, с.р.

**3648.**

Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски**, с.р.

**3676.**

Врз основа на член 383 став (1) точка 2) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16 и 61/16) и член 13 точка 2) од Статутот на АД „Македонска пошта“ – Скопје, во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/15 и 73/15), Владата на Република Македонија, во својство на Собрание на друштвото, на седницата одржана на 23.8.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АД „МАКЕДОНСКА ПОШТА“ - СКОПЈЕ, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ЗА 2013 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се одобрува Извештајот за работењето на АД „Македонска пошта“ - Скопје, во државна сопственост за 2013 година, усвоен од Управниот одбор на АД „Македонска пошта“ - Скопје, во државна сопственост, со Одлука бр.0201-633/1, на седницата, одржана на 18.3.2014 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6227/2
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски**, с.р.

---

**3677.**

Врз основа на член 136 став (3) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.8.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОБВРЗНИЦИ КОИ ЌЕ ПЛАЌААТ РАДИОДИФУЗНА ТАКСА**

1. Со оваа одлука се определува вкупно 5 (пет) обврзници во населеното место с.Бешиште, општина Прилеп, кои биле ослободени од плаќање на радиодифузната такса согласно Одлуката за ослободување од плаќање радиодифузна такса („Службен весник на Република Македонија“ бр.118/14), кои ќе плаќаат радиодифузна такса поради обезбедено покривање со радиодифузни сигнали на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија, преку кои се емитуваат програмските сервиси на Македонската радио-телевизија, а чии носители на семејни домаќинства како обврзници за плаќање радиодифузна такса се:

1. Суклевски Цветко, ул. „Населба без уличен систем” бр.33 А, с.Бешиште, општина Прилеп,
2. Дојкоска Бисера, ул. „Населба без уличен систем” ББ, с.Бешиште, општина Прилеп,
3. Јованоска Бисера, ул. „Населба без уличен систем” ББ, с.Бешиште, општина Прилеп,
4. Гајтановска Велика, ул. „Населба без уличен систем” бр.20б, с.Бешиште, општина Прилеп и

5. Лимбеска Здравка, ул. „Населба без уличен систем” ББ, с.Бешиште, општина Прилеп.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6232/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски**, с.р.

---

**3678.**

Врз основа на член 8 став (3) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија” бр. 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15 и 61/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.8.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ОД ПРЕМЕРОТ ВО ФУНКЦИЈА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Македонија, и тоа премер на објектот кој се наоѓа во Стар Дојран, на ул.„Новица Мастела“ бр.2, на КП број 1235, КО Сретеново.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-6283/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски**, с.р.

---

**3679.**

Врз основа на член 42 став 1 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија’’ бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.8.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ПРЕНОС НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ВОДА ЗА ИЗГРАДБА НА МАЛИ ХИДРОЕЛЕКТРИЧНИ ЦЕНТРАЛИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА СО БРОЈ 12-885/1 ОД 28.01.2011 ГОДИНА**

Член 1

Се дава согласност за пренос на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија со бр. 12-885/1 од 28.1.2011 година, на локацијата бр.104 Габровска река, со Анекс на Договорот за концесија број 12-517/4 од 20.1.2014 година, Анекс на Договорот за концесија број 12-517/8 од 22.8.2014 година, Анекс на Договорот за концесија број 12-6299/1 од 16.12.2014 година и Анекс на Договорот за концесија број 12-3707/1 од 1.6.2015 година на ЕМК ДООЕЛ Мали хидроелектрани, Скопје.

Член 2

Концесијата од член 1 од оваа одлука се пренесува на Друштвото за производство на електрична енергија АНИ–ЕНЕРГЕТИК ДОО, Тетово до рок и под исти услови под кои е доделена концесијата со Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија со број 12- 885/1 од 28.1.2011 година.

Член 3

Како почеток на користење на пренесената концесија од член 1 од оваа одлука ќе се смета денот на потпишување на Договорот за пренос на Договорот за концесија.

Член 4

Во име на Владата на Република Македонија, Договорот од член 3 од оваа одлука ќе го потпише министерот за економија.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6295/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски,** с.р.

---

**3680.**

Врз основа на член 18 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија” бр. 78/15, 106/15 и 153/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.8.2016 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈАВНАТА НАУЧНА УСТАНОВА ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА - СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на Јавната научна установа Институт за национална историја - Скопје се даваат на трајно користење, без надомест недвижни ствари – дел од објект, кои се наоѓаат на ул. „Григор Прличев“ во Скопје, на КП бр. 8886/1, КО Центар 1, запишани во Имотен лист бр. 51106, сопственост на Република Македонија, и тоа:

- зграда 1, влез 1, кат 2, со внатрешна површина од 1247 м2;
- зграда 1, влез 1, кат 3, со внатрешна површина од 1225 м2;
- зграда 1, влез 1, кат подрум, со внатрешна површина од 200 м2 од вкупно 1124 м2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-6299/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски,** с.р.

**3681.**

Врз основа на член 44 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15 и 153/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.8.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА „ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА“ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“-СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за образование и наука му престанува користењето на движните ствари-книги и тоа:

| Наслов на книгата | Автор | ISBN -код | Издавач | Број на примероци | Единечна цена |
|---|---|---|---|---|---|
| Функционална анатомија на р`бетници | Лием, Бемис | 978-608229088-1<br>978-608229517-6 | Арсламина | 200(македонски јазик)<br>50(на албански јазик) | 1,600,00 |
| Применета биологија на мускули и месо | Мин Ду | 978-608229062-1<br>978-608229087-4 | Арсламина | 50(на македонски јазик)<br>25(на албански јазик) | 926,00 |
| Сместување на добитокот | К.М.Вејтс | 978-608229007-2<br>978-608229262-5 | Арсламина | 50(на македонски јазик)<br>10(на албански јазик) | 1.602,00 |
| Сместување и благосостојба на фармски животни | С.Х.Баркстер | 978-608229032-4<br>978-608229126-1 | Арсламина | 50(на македонски јазик)<br>10(на албански јазик) | 537,00 |
| Ветеринарна микробиологија | Двајт Ц.Хирш | 978-608229233-5<br>978-608247001-6 | Арсламина | 200(на македонски јазик)<br>50(на албански јазик) | 1,056,00 |
| Атлас во боја за клиничка анатомија на куче и мače | Џ.С.Бојд | 978-608229096-6 | Арсламина | 200(на македонски јазик)<br>50(на албански јазик) | 1,207,00 |
| Наука за ДНК | Дејвид А.Миклос | 978-608229071-3<br>978-608229387-5 | Арсламина | 50(на македонски јазик)<br>10(на албански јазик) | 1,233,00 |
| Механика на клетка | Давид Боул | 978-608229259-5<br>978-608229324-0 | Арсламина | 50(на македонски јазик)<br>15(на албански јазик) | 660,00 |
| Биохемиско инженерство | Шигео Катох | 978-608229266-3<br>978-608229390-5 | Арсламина | 50(на македонски јазик)<br>15(на албански јазик) | 528,00 |
| Водич за дисекција на кучето | Еванс Де Лахунта | 978-608229323-3<br>978-608229118-5 | Арсламина | 200(на македонски јазик)<br>50(на албански јазик) | 814,00 |
| Клиничка анатомија и физиологија на ветеринарни техничари | Томас Колвил | 978-608229334-9 | Арсламина | 200(на македонски јазик) | 1,862,00 |
| Учебник по ветеринарна хистологија | Дон А.Семјуелсен | 978-608229368-4 | Арсламина | 200(на македонски јазик)<br>40(на албански јазик) | 2,076,00 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на „Факултет за ветеринарна медицина“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје.

Член 3

Министерот за образование и наука склучува договор со деканот на „Факултет за ветеринарна медицина“ при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6300/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски**, с.р.

**3682.**

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр.7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15 и 39/16) и член 35 став 1 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија" бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.8.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА НА РИБИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВ НА РЕКРЕАТИВНАТА ЗОНА „АКУМУЛАЦИЈА ГЛАЖЊА"**

1. Со оваа одлука се доделува концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Глажња" на Ловечко риболовно друштво „Шќипоња" - с. Липково, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Глажња" бр. 42-1786/3 од 15 март 2016 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.54/16).

2. Ловечкото риболовно друштво "Шќипоња" - с. Липково, достави понуда со број 14-4989/16 од 30.06. 2016 година.

3. Ловечкото риболовно друштво "Шќипоња" - с. Липково ги исполни условите содржани во Јавниот повик и Тендерската документација.

4. Времетраењето на доделената концесија на рибите од точка 1 на оваа одлука изнесува шест години.

5. Надоместокот за доделената концесија од точка 1 на оваа одлука изнесува 11% од наплатениот надоместок за вкупно издадените дозволи на годишно ниво.

6. Најповолниот понудувач е должен да го потпише Договорот за концесија во рок од три дена од денот на приемот на договорот.

7. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

8. Надзор над спроведувањето на концесијата ќе врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

9. Жалба против оваа одлука може да се изјави до Државната комисија за жалби по јавни набавки во рок од осум дена од денот на приемот на оваа одлука, во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуацијата на понудите и одлуката.

10. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-6336/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски,** с.р.

**3683.**

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр.7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15 и 39/16) и член 35 став 1 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија" бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.8.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА НА РИБИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВ НА РЕКРЕАТИВНАТА ЗОНА „АКУМУЛАЦИЈА ГРАДЧЕ"**

1. Со оваа одлука се доделува концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Градче" на Спортско риболовно здружение еколошки клуб „Кочански рибар" - Кочани, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Градче" бр. 42-1786/1 од 15 март 2016 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 54/16).

2. Спортското риболовно здружение еколошки клуб "Кочански рибар" - Кочани достави понуда со број 14-4989/14 од 30.6. 2016 година.

3. Спортското риболовно здружение еколошки клуб "Кочански рибар" - Кочани ги исполни условите содржани во Јавниот повик и Тендерската документација.

4. Времетраењето на доделената концесија на рибите од точката 1 на оваа одлука изнесува шест години.

5. Надоместокот за доделената концесија од точка 1 на оваа одлука изнесува 11% од наплатениот надоместок за вкупно издадените дозволи на годишно ниво.

6. Најповолниот понудувач е должен да го потпише Договорот за концесија во рок од три дена од денот на приемот на договорот.

7. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

8. Надзор над спроведувањето на концесијата ќе врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

9. Жалба против оваа одлука може да се изјави до Државната комисија за жалби по јавни набавки во рок од осум дена од денот на приемот на оваа одлука, во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуацијата на понудите и одлуката.

10. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-6336/2
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски,** с.р.

**3684.**

Врз основа на член 38 став 1 алинеја 3 од Законот концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.8.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА НА РИБИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВ НА РЕКРЕАТИВНАТА ЗОНА “АКУМУЛАЦИЈА ЛИПКОВО“**

1. Со оваа одлука се поништува постапката за доделување на концесија на риби за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона “Акумулација Липково“.

2. Постапката за доделување на концесија на риби за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона од точка 1 на оваа одлука се поништува со оглед дека за објавената рекреативна зона нема доставено ниту една прифатлива понуда.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6336/3
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски,** с.р.

_____

**3685.**

Врз основа на член 38 став 1 алинеја 2 од Законот концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.8.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА НА РИБИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВ НА РЕКРЕАТИВНАТА ЗОНА „АКУМУЛАЦИЈА МАТКА“**

1. Со оваа одлука се поништува постапката за доделување на концесија на риби за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Матка“.

2. Постапката за доделување на концесија на риби за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона од точка 1 на оваа одлука се поништува со оглед дека за објавената рекреативна зона нема ниту една пристигната понуда до истекот на рокот за доставување на понуди.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6336/4
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски,** с.р.

**3686.**

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана 23.8.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА Г4-СТОВАРИШТЕ КО РАКОТИНЦИ ОПШТИНА СОПИШТЕ**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г4-стовариште КО Ракотинци, општина Сопиште.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 2051 | Ракотинци | Герекарица | нива | 6 |
| 2061 | Ракотинци | Герекарица | нива | 6 |
| 2059/2 | Ракотинци | Стара река | нива | 5 |
| 2062 | Ракотинци | Герекарица | нива | 5 |
| 2052 | Ракотинци | Лозја | нива | 6 |
| Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат: | | | | 3418м$^2$ |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-6340/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски**, с.р.

_____

**3687.**

Врз основа на член 23 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите на државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15 и 153/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.8.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДАЖБА НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ**

Член 1

Со оваа одлука се врши продажба на недвижни ствари, кои се наоѓаат на КП 44 КО Бродец, Долно Луково Поле, запишани во Имотен лист бр.51, сопственост на Република Македонија, кои ги користи Министерство за одбрана и тоа:

- објект бр.1, влез 1, кат ПР, со површина од 299 м2,
- објект бр.2, влез 1, кат ПР, со површина од 141 м2 и
- објект бр.3, влез 1, кат ПР, со површина од 35 м2.

Член 2

Продажбата на недвижните ствари од член 1 од оваа одлука ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање, преку електронски систем за јавно наддавање со кој управува и оперира Министерството за финансии - Управа за имотно правни работи, со проценета вредност утврдена согласно Проценатa од Бирото за судски вештачења СВ 5 број 12/16 од 7.6.2016 година, во која е проценета вкупната вредност на недвижните ствари во износ од 2.100.225,00 денари.

Почетната вредност за електронското јавно наддавање претставува вкупната проценета вредност на објектите и истата изнесува 2.100.225,00 денари.

Јавното наддавање ќе се изврши електронски на следната интернет страница: www.eaukcii.finance.gov.mk.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6363/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски**, с.р.

---

**3688.**

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата, оджана на 23.8.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИК НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО ВЕЖБОВНАТА АКТИВНОСТ „NATO-GEO EX 16“, ВО ГРУЗИЈА**

1. За учество во вежбовната активност „NATO-GEO EX 16“ која ќе се одржи во Грузија, во периодот од 10-19 ноември 2016 година, се испраќа 1 (еден) припадник на Армијата на Република Македонија.

2. Финансиските трошоци за превоз, сместување, исхрана и дневници за службено патување на припадникот на Армијата на Република Македонија, ги обезбедува Министерството за одбрана.

3. Подготовките на припадникот на Армијата на Република Македонија за учество на вежбовната активност од точка 1 на оваа одлука, ќе ги изврши Министерството за одбрана.

4. По завршувањето на вежбовната активност, Министерството за одбрана поднесува извештај пред Владата на Република Македонија.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6365/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски,** с.р.

---

**3689.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.8.2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ НАЦИОНАЛЕН КООРДИНАТОР, НЕГОВ ЗАМЕНИК, НАЦИОНАЛЕН ИЗВЕСТУВАЧ ЗА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА, СЕКРЕТАР И ЧЛЕНОВИ НА НАЦИОНАЛНАТА КОМИСИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНАТА МИГРАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Во Решението за именување Национален координатор, негов заменик, Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција, секретар и членови на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија бр.42-860/1 од 6.4.2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.68/2016), во точка 1, потточка а), алинејата 1 се менува и гласи:

- „Сања Димитриевска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи“.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6668/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски**, с.р.

---

**3690.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.8.2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ, НАЦИОНАЛНО КОНТАКТ ЛИЦЕ, ЧЛЕНОВИ И СЕКРЕТАР НА НАЦИОНАЛНАТА КОМИСИЈА ЗА МАЛО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ**

1. Во Решението за именување претседател, национално контакт лице, членови и секретар на Националната комисија за мало и лесно оружје бр.42-699/1 од 10.2.2015 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.22/2015), во точка 1, алинејата 1 се менува и гласи:

- „Сања Димитриевска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи - претседател“.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6669/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски**, с.р.

---

**3691.**

Врз основа на член 22 став (2) од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16 и 106/16) и член 40 став (3) од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 154/15 и 209/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.8.2016 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТ И МЛАДИ ЗА 2016 ГОДИНА**

1. Во Програмата за развој на спорт и млади за 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.2/16 ), во точка 1, во делот „I. Раздел 161.01 Агенција за млади и спорт, Програма 4, Потпрограма 40 – Меѓународна програма, ставка 463 – Трансфер до невладини организации“, табелата се заменува со нова табела која гласи:

| Реден број | Опис | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за финансирање на меѓународни програми на националните спортски федерации | 17.082.000,00 |
| 2. | Партиципација за финансирање на традиционални меѓународни спортски натпревари и манифестации | 3.840.000,00 |
| 3. | Партиципација за научна поддршка на спортот за изведување на фундаментални истражувања во сите сегменти на дејноста спорт – Институт за спорт | 500.000,00 |
| 4. | Партиципација за реализација на проект „Стручна специјализација на македонски тренери во странство“ | 800.000,00 |
| 5. | Партиципација за подготовки на спортисти од Република Македонија за учество на Летни олимписки игри – Рио Де Жанеиро 2016 година | 800.000,00 |
| 6. | Партиципација за организација на европски и светски првенства во Република Македонија | 1.800.000,00 |
| | Вкупно: | 24.822.000,00 |

Во потточката 1) износот „15.822.000,00“ се заменува со износот „17.082.000.00“.

Во потточката 2) износот „4.700.000,00“ се заменува со износот „3.840.000,00“.

Во потточката 4) износот „1.000.000,00“ се заменува со износот „800.000,00“.

Во потточката 6) износот „2.000.000,00“ се заменува со износот „1.800.000,00“.

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6146/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски**, с.р.

---

**3692.**

Врз основа на член 5 став (4) од Законот за реализација на инфраструктурен проект за изградба на магистрален гасовод, Делница „Клечовце – Блок станица 5“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 23.8.2016 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА НА МАГИСТРАЛЕН ГАСОВОД, ДЕЛНИЦА „КЛЕЧОВЦЕ – БЛОК СТАНИЦА 5“ ЗА 2016 ГОДИНА**

I

Во Годишната програма за изградба на магистрален гасовод, Делница “Клечовце–Блок станица 5“ за 2016 година (“Службен весник на Република Македонија“ број 2/16), во Дел I износот „304.000.000,00“ се заменува со износот „ 450.000.000,00 “.

II

Во Дел II износот „294.000.000,00 “ се заменува со износот „436.000.000,00“.

Во точката II.1 износот „254.814.000,00 “ се заменува со износот „396.814.000,00“.

III

Во Дел III износот „10.000.000,00 “ се заменува со износот „14.000.000,00“.

Во точката III.I износот „10.000.000,00 “ се заменува со износот „14.000.000,00“.

IV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-6427/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски,** с.р.

**3693.**

Врз основа на член 42 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 209/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.8.2016 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ЗА 2016 ГОДИНА**

Член 1

Во Програмата за рамномерен регионален развој за 2016 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 2/16, 15/16 и 18/16), во членот 2 табелата бр.1 се заменува со нова табела, која гласи:

„

денари

| | |
|---|---|
| Вкупно средства | 100.000.000,00 |
| **1. Активности преку Министерството за локална самоуправа** | |
| 1.1 Расходи за финансирање на активностите и задачите на центрите за развој на планските региони за тековната година | 9.600.000,00 |
| 1.2 Финансиска поддршка на осумте регионални бизнис- центри, во рамки на центрите за развој на планските региони | 3.200.000,00 |
| **2. Активности преку Бирото за регионален развој** | |
| 2.1 Неизмирени обврски од 2015 година | 16.834.945,00 |
| 2.2 Неповратно учество во финансирање на проекти за развој на планските региони | 49.255.538,00 |
| 2.3 Неповратно учество во финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби | 14.073.011,00 |
| 2.4 Неповратно учество во финансирање на проекти за развој на селата | 7.036.506,00 |

“

Член 2

Членот 6 се брише.

Член 3

Во членот 7 зборовите „потточка 2.3“ се заменуваат со зборовите „потточка 2.2“.

Член 4

Во членот 8 зборовите „потточка 2.4“ се заменуваат со зборовите „потточка 2.3“.

Член 5

Во член 9 во ставот 1 зборовите „потточка 2.5“ се заменуваат со зборовите „потточка 2.4“.

Член 6

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија ".

Бр. 42-6468/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски**, с.р.

---

**3694.**

Врз основа на член 43 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2016 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 209/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.8.2016 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ЗА 2016 ГОДИНА**

Член 1

Во Програмата за рамномерен регионален развој за 2016 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 2/16 и 27/16), во членот 2 табелата се заменува со нова табела, која гласи:

„

| Намена | Вкупно денари |
|---|---|
| 1.Неизмирени обврски од 2015 година | 4.000.000 |
| 2.Неповратно учество во финансирање проекти во планските региони | 84.560.000 |
| 3. Неповратно учество во финансирање проекти во подрачјата со специфични развојни потреби | 24.160.000 |
| 4. Неповратно учество во финансирање проекти за развој на селата | 12.080.000 |
| 5. Исплата на средства за плаќање на придонесите за пензиско - инвалидско и здравствено осигурување за лица кои имаат стекнато право на плаќање | 2.000.000 |
| 6. Исплата на средства за одобрени регреси на дел од камати по користени кредити | 200.000 |
| Вкупно: | 127.000.000 |

“

Член 2

Во членот 4 износот „102.060.000“ се заменува со износот „84.560.000“.

Член 3

Во членот 5 износот „29.160.000“ се заменува со износот „24.160.000“.

Член 4

Во член 6 во ставот 1 износот „14.580.000“ се заменува со износот „12.080.000“.

Член 5

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-6469/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски**, с.р.

---

**3695.**

Врз основа на член 29 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2016 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 209/15), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16 и 120/16), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/06, 88/08, 31/10, 36/11, 53/11, 93/13, 99/13, 164/13, 151/14, 193/15, 213/15 и 39/16), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија" бр.50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15 и 39/16) и член 53 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија" бр.7/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.8.2016 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2016 ГОДИНА**

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2016 година („Службен весник на Република Македонија бр. 2/16, 68/16, 71/16 , 90/16, 100/16, 112/16, 121/16 и 133/16) во делот I во табелата во мерката број 1 износот „1.997.000.000"се заменува со износот „1.797.000.000".

По мерката 7 се додава нова мерка 7-а која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 7-а. | Помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани кои се случиле во 2016 година | 80.000.000 |

"

По мерката 8 се додава нова мерка 8-а која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 8-а. | Дополнителна помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани кои се случиле во 2016 година | 120.000.000 |

"

II

Во дел II во воведната реченица износот „1.997.000.000" се заменува со износот „1.797.000.000".

III

По делот VIII се додава нов дел VIII-а кој гласи:

„VIII-а

Средствата од дел I мерка 7-а на оваа програма во износ од 80.000.000,00 денари се наменети за помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани кои се случиле во 2016 година во висина од 100% од утврдената загуба на приходот од продажба на земјоделски растенија и животни на земјоделски имот и штети на стакленици и пластеници предизвикани од неповолни временски настани утврдени согласно член 99 од Законот за земјоделсво и рурален развој.

IV

По делот IX се додава нов дел IX-а кој гласи:

„IX-а

Средствата од дел I мерка 8-а на оваа програма во износ од 120.000.000,00 денари се наменети за дополнителна помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани кои се случиле во 2016 година согласно член 99-б од Законот за земјоделство и рурален развој врз основа на Одлуката за дополнителна помош за настанати загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани донесена од Владата на Република Македонија."

V

Во делот XV во табелата по мерката 7 се додава нова мерка 7-а која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 7-а. | | септември 2016 |

"

По мерката 8 се додава нова мерка 8-а која гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 8-а. | | септември 2016 |

"

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-6522/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски**, с.р.

**3696.**

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од¬ Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија", бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15,17/16 и 37/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.8.2016 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА КАРДИОВАСКУЛАРНИ БОЛЕСТИ (КВБ) ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2016 ГОДИНА**

1. Во Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Македонија за 2016 година („Службен весник на Република Македонија" бр.6/16), во делот IV. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА, табелата се заменува со нова табела, која гласи:

"

| | Активност | Реализатори | Износ (ден) |
|---|---|---|---|
| 1. | Формирање и одржување на база на податоци за пациентите кои се опфатени со рехабилитациониот третман | Универзитетска клиника за кардиологија<br>Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања | 60.000,00 |
| 2. | Одржување на база на податоци за пациентите со ВСМ | Универзитетска клиника за кардиологија<br>Универзитетска клиника за детски болести | 10.000,00 |
| 3. | Одржување на семинари/работилници со референтните кардиолози со цел запознавање со новите индикации за имплементација на сите типови на пејсмејкери и ехокардиографија низ републиката | Универзитетска клиника за кардиологија<br>Македонско лекарско друштво | 50.000,00 |
| 4. | Изработка на прашалник кој ќе се дистрибуира во кардиолошките служби и службите на ИМП до средината на наредната година како би се изработил годишен извештај и пресметка за распространетоста на срцевата аритмија. | Универзитетска клиника за кардиологија<br>Институт за јавно здравје | 30.000,00 |
| 5. | Обука за ракување со дефибрилатор | Универзитетска клиника за кардиологија | 100.000,00 |
| 6. | Средства наменети за образовни и договорни услуги за тимот кој ја основаше државната кардиохирургија и континуирано работи на растот и развојот на државната кардиохирургија. | Министерство за здравство<br>Универзитетска клиника за државна кардиохирургија | 30. 770.000,00 |
| 7. | Изработка на Национална Програма за исхрана и физичка активност на децата во предучилишните и училишните установи (деца на возраст до 15 год), која ќе се имплементира на локално ниво. | Институт за јавно здравје<br>Универзитетска клиника за детски болести | 80.000,00 |
| 8. | Промотивни активности за подигнување на свеста кај населението за ризикот од кардиоваскуларни болести, одбележување на денот на КВБ | Институт за јавно здравје | 150.000,00 |
| 9. | Анализа на анкетните листови и утврдување на критични точки за подобрување на здравствениот статус на населението | Институт за јавно здравје<br>Центри за јавно здравје | 30.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10. | Изработка на регистар на пациентите со најтешки форми на генетска условена хиперлипопротеинемија поради планирање средства за нивно лекување, односно следење на очекуваните пореметувања на луѓето со крвно сродство. | МОЈ ТЕРМИН<br>Институт за јавно здравје<br>Универзитетска клиника за кардиологија<br>Универзитетска клиника за детски болести | 20.000,00 |
| 11. | Одржување на семинари/работилници на доктори во врска со проценка на ризик од КВБ | Министерство за здравство | 500.000,00 |
| 12. | Лекување на пациенти од цереброваскуларни болести, особено цереброваскуларниот инфаркт, субарахноидално, интрацеребрално и друг вид крварење, со должина на болнички престој повеќе од 5 години | Јавни здравствени установи во РМ | 2.200.000,00 |
| 13 | Средства за неизмирени обврски за 2015 година | | 1.000.000,00 |
| | ВКУПНО: | | 35.000.000,00 |

“

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-6538/1
23 август 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Никола Попоски**, с.р.

Службен весник на Република Македонија

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје**
**бул. „Партизански одреди” бр. 29. Поштенски фах 51.**
**в. д. директор и одговорен уредник – Ангела Атанасова**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2016 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622
2016163